МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

Скопје, 22.3.2023

Почитувани акционери и други заинтересирани страни,

Ве известуваме дека Надзорниот одбор на МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп донесе одлука со која Г-дин Бошко Андов, Г-ѓа Весна Ѓорчева и Г-ѓа Татјана Димов се реизбрани за членови на Управниот одбор. Предметната одлука на органот на надзор стапува во сила по добивање на согласност за извршување на функција член на орган на управување во друштвото за осигурување (која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија).

Ве известуваме дека по претходно спроведена постапка (согласно одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, Законот за едношалтерскиот систем, и други акти кои се однесуваат на системот за корпоративно управување на друштвата за осигурување) извршена е соодветна промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, при што како член на Управниот одбор на МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп е запишан Г-дин Озрен Марјановиќ.

Сите прашања кои се однесуваат на предметната промена можете да ги адресирате до стручните служби на Друштвото за осигурување.

Со почит,

МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп